ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за 2024 година

Институт за човекови права

Институт за човекови права

СОДРЖИНА

Вовед **3**

Управен одбор на ИЧП **4**

Советодавен одбор на ИЧП **4**

Извршна канцеларија на ИЧП **4**

Институтот низ бројки **5**

Јубилеј – 15 години постоење на Институтот за човекови права **6**

Академија за човекови права **10**

Платформа за човекови права **11**

Бесплатна правна помош **11**

Правен дијалог **12**

Проекти кои се спроведуваа во 2024 година **14**

Борба против сајбер булинг врз девојчиња 14

Пристап до правда за сите – годишна работна програма 2024 15

За правда – граѓанските организации за независно и ефикасно судство 17

Заедно за поквалитетно локално новинарство 18

Младински активизам за инклузивно општество 19

Младите против врсничкото насилство 20

Дополнителни активности на Институтот за човекови права **21**

Учество во работни групи и координативни тела **23**

ВОВЕД

Институтот за човекови права е здружение на граѓани кое преку својата работа се залага за промовирање, унапредување и заштитата на човековите права и слободи. Своите определби ИЧП ги остварува преку континуирана едукација, анализа и истражување на состојбите, застапување и организирање на стручни дискусии во рамките на правната професија и дискусии за општата јавност.

Во 2024 година, Институтот за човекови права го одбележа својот јубилеј – 15 години постоење во заштита на човековите слободи и права и владеење на правото. Преку објавување на монографија, организирање на пригоден настан за одбележување на јубилејот направивме ретроспектива на нашето работење од 2009 година и посветеноста во успешно реализирање на проекти и многубројни активности со кои уште еднаш покажавме и докажавме дека сме кредибилен и препознатлив чинител во насока на промовирање, унапредување и заштита на човековите права и слободи.

И во 2024 година, стратешките приоритети и понатаму беа ориентирани кон правосудството и човековите права, правната сигурност, промоција на човековите слободи и права, еднаквост и недискриминација, борба против корупција и учество во процесот на преговори за пристапување кон Европската Унија. Следењето на работата на Уставниот суд, Судскиот совет, Советот на јавни обвинители, Управниот суд како и други државни институции и понатаму беше во фокусот на работа на Институтот за човекови права.

Во рамките на своите стратешки определби и верувања ИЧП работи во неколку клучни сегменти:

- ги следи состојбите во однос на уживањето на човековите права и слободи преку набљудување и анализа на сите релевантни процеси во земјава;
- ја подига свеста помеѓу релевантните институции, организации и останати чинители за неопходноста за утврдување и градење на ефикасен механизам за промоција, гаранција и заштита на човековите права и слободи и
- ги информира граѓаните за нивните права во случаи кои се однесуваат на дискриминација;
- иницира дискусии за релевантните прашања и проблеми кои директно задираат во уживањето на основните права и слободи на човекот и граѓаните во РСМ, како во стручната така и во општата јавност.

Овој годишен извештај се однесува на работата на Институтот за човекови права кој во текот на изминатата година неуморно делуваше кон подобрување на состојбата на човековите права, промовирање на еднаквост и недискриминација, препознавање на корупцијата и приказ на транспарентноста и отчетноста на државните институции и органи чија работа Институтот за човекови права континуирано ја следи. Овој извештај има за цел да го презентира целокупното дејствување на Институтот за човекови права преку реализација на активности во секој поединечен проект, овозможување на бесплатна правна помош, придонесот на Институтот во промоција на науката преку објавување на стручното списание Правен дијалог, објавување на едукативни курсеви на ИЧП Академијата за е-учење и практичен придонес преку учество во работни групи и координативни тела на теми поврзани со човековите права.

УПРАВЕН ОДБОР НА ИЧП

Претседателка на Институтот за човекови права е Маргарита Цаца Николовска.

Управниот одбор е составен од 7 членови и тоа:

Маргарита Цаца Николовска Претседателка на ИЧП
Агим Мифтари Потпретседател на ИЧП
Вера Коцо | член
Вања Михајлова | член
Игор Спировски | член
Момир Маричиќ | член
Филип Медарски | член

СОВЕТОДАВЕН ОДБОР НА ИЧП

Советодавниот одбор на ИЧП се состои од 13 членови и тоа:

• Маргарита Цаца Николовска • Агим Мифтари • Вера Коцо • Вања Михајлова • Мерсел Биљали

• Милојка Калкашлиева • Константин Хаџи Лега • Ирена Цуцулоска • Саше Димовски

• Македонско здружение на млади правници • Жарко Хаџи Зафиров

• Татијана Темелкоска • Славица Димитриевска

ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА НА ИЧП

Извршната канцеларија на ИЧП во 2024 година беше составена од 6 члена кои успешно ги реализираа предвидените активности од сите проекти во постојана комуникација со Управниот одбор. Покрај раководење и успешно менаџирање на проектите, зедоа активно учество во работни групи и координативни тела, учество на конференции, дебати, фокус групи и слични настани во Република Северна Македонија и во странство.

Во 2024 година, Институтот за човекови права ја продолжи традицијата на соработка, поддршка и усовршување преку програмата за практикантство. Програмата за практикантство на Институтот за човекови права има за цел да ги запознае младите луѓе со неговата работа низ едукација, обуки и истражувања од областа на заштита и унапредување на човековите права и владеење на правото. Практикантите се здобиваат со нови знаења и со можност одблиску да се запознаат со работата на Институтот за во иднина тие да може да се борат за унапредување и почитување на човековите права. Во 2024 година, во работата на ИЧП беа вклучени 2 практиканти кои дадоа активен придонес во секојдневните активности кои во наведениот период ги реализираше Институтот. Како дел од своите работни задачи, практикантите учествуваа во програмата за бесплатна правна помош, следеа седници на Судскиот совет и на Советот на јавни обвинители и спроведуваа истражувања на теми поврзани со човекови права.

ИНСТИТУТОТ НИЗ БРОЈКИ



6 Успешно реализирани проекти



6 Публикации



4 Мониторинг Извештаи



1 Објавен курс на ИЧП Академија



22 Работилници, Обуки и Фокус Групи



1 Учество во Работна Група за Измена на Закони



30 Објавени трудови во Правен Дијалог



4 Конференции и настани



1 Видео



9 Инфографици



2 Конкурси за средношколци



4 Доделени мали грантови на ГО



10 Објавени блогови на Платформата за човекови права



4 Учества на настани надвор од РСМ

ЈУБИЛЕЈ – 15 ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во 2024 година одбележавме значаен јубилеј – 15 години од основањето на Институтот за човекови права. За таа цел, овој јубилеј го посветивме на промовирање на постигнатите резултати во рамките на стратешките приоритети на Институтот и организиравме. На настанот беа присутни претставници на граѓански организации, институции и други соработници на кој што разговаравме како и понатаму граѓанскиот сектор да биде двигател на општествените промени во Република Северна Македонија.



Дополнително, подготвивме монографија преку која направивме ретроспектива на нашето работење од 2009 година и посветеноста во успешно реализирање на проекти и многубројни активности со кои уште еднаш покажавме и докажавме дека сме кредибилен и препознатлив чинител во дејствувањето во насока на целосно обезбедување, промовирање, унапредување и заштита на човековите права и слободи.

Во монографијата направивме преглед на постигнатите резултати во рамките на стратешките приоритети и тоа:

ПРАВОСУДСТВО И ПРИСТАП ДО ПРАВДА

- Зголемена транспарентност, отчетност и ефективност на Судскиот совет преку редовно следење на неговите седници, изготвување на мониторинг извештаи и анализи за актуелните случувања;

- Зголемена заедничката заложба преку активно учество во остварување на подобри резултати во судството, но и зајакнување на соработката и капацитетот на судските професионалци за поефективно, отчетно и транспарентно судство;
- Формирана Советодавна група за судство и одржани седум состаноци;
- Спроведено испитување на јавното мислење во однос на перцепцијата на граѓаните во поглед на ефикасноста и ефективноста на судската администрација со 1200 граѓани (од различни етнички заедници, региони, рурални и урбани места во РСМ);
- Зголемена транспарентноста на Советот на јавни обвинители;
- Покренатa дискусија со 35 претставници од обвинителствата за имплементација на Законот за јавното обвинителство и Законот за Совет на јавни обвинители;
- Учество во работна група за измени на Законот за Судски совет на РСМ;
- Мониторирани повеќе од 250 рочишта пред Управниот суд кои се однесуваат на социјални права и утврдени проблеми и предизвици во остварување на пристапот до правда и
- Дадени повеќе од 350 правни совети и општи правни информации на граѓаните за проблеми од сите правни области.

ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

- Поттикната ефективна заштита на слободите и правата на граѓаните и анализирани проблемите и предизвиците во процесот на лустрација;
- Објавени научни трудови во стручното списание Правен дијалог кои ги рефлектираат теоретските и практични аспекти поврзани со човековите права и владеење на правото;
- Подигната свест за женски права преку обука за женски права, промоција на филм „Еднакви" и завршни настани;
- Креирана ИЧП Академијата за човекови права на која се објавени 13 курсеви на различни теми поврзани со човекови права и владеење на правото;
- Создадена Платформата за човекови права како сеопфатен пристап кон човекови права која ги содржи сите информации за начинот на кој може да се заштитат човековите права;
- Подготвен водич за ПЗЧП, промовирани три методологии и одржани обуки;
- Актуелизирано прашањето во врска со намалување на родовите стереотипи во основното образование и зајакнати капацитетите на образовните институции;
- Зголемена конкурентноста на микро-претпријатијата во сопственост на жени, поттикнато женското претприемништво преку воспоставување на Сервисот наменет за микропретпријатија во сопственост на жени во прекуграничната област со фокус на регионите Полог и Елбасан. Одржани обуки и работилници на 215 учеснички кои стекнаа вештини за водење на сопствен бизнис;
- Иницирана дискусија за контроверзни прашања во училишната програма за развивање ефективни практики и пристапи во наставата и учењето преку спроведени обуки и менторски средби;
- Поттикнување на истражувачко новинарство преку одржани обуки за новинари и студенти по новинарство како и обуки за примена на ПЗЧП од новинарски аспект;
- Зголемено почитување на правата на помалите заедници преку развиена програма за зајакнување на надлежностите и на капацитетите на граѓанските организации кои ги претставуваат интересите на помалите заедници;

- Одржана обука за зајакнување на капацитетите на грантистите и промовирање на професионалните стандарди на новинарите од локалните медиуми;
- Организирани трибини и работилници со повеќе од 100 средношколци од четири училишта во Скопје, Тетово или Куманово на кои учениците имаа можност критички да размислуваат за предностите и предизвиците на учењето во мултиетничка средина и да ги споделат своите идеи за иницијативи или активности што би ја унапредиле разновидноста и инклузијата во образовниот систем;
- Одржани обуки со ученици од деветто одделение во четири основни училишта и обуки со ученици од прва година во четири средни училишта на тема препознавање и пријавување на сите видови на врсничко насилство и
- Одржани работилници со родители и претставници од наставен и стручен кадар од избрани четири основни и средни училишта на тема кои мерки можат да се преземат за и како да се работи со децата со цел да се превенира врсничко насилство.

ПРИМЕНА НА ЕУ ACQUIS И МЕЃУНАРОДНИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

- Следење на спроведувањето на правото на ЕУ во однос на владеењето на правото и основните права;
- Дадени коментари на предлог-закони или измени на законската регулатива и нејзина хармонизација со ЕУ acquis;
- Анализа на извештаите на Европската Унија за напредокот на нашата држава и анализа на дадените мислења од страна на Венецијанската комисија за одредени закони;
- Иницирана поширока јавна расправа во однос на одделни закони и нивно континуирано следење на ЕНЕР платформата;
- Едукација и подигната свест кај правните практичари за стандардите и правата загарантирани со ЕКЧП и анализа на одлуките на ЕСЧП и
- Следење на извршувањето на одлуките на ЕСЧП и предлагање на мерки и активности за извршување на одделни пресуди кои се однесуваат на повреда на одделни човекови права загарантирани со ЕКЧП.

ЕДНАКВОСТ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

- Воспоставена програма за застапување на случаи каде што е утврдена очигледна дискриминација маргинализираните групи на граѓани и поднесени две тужби за дискриминација на ученици Роми во училишта во Штип и Битола;
- Лобирање со цел измена на Законот за спречување и заштита од дискриминација и активно учество во работни групи и дискусии за измена на законот;
- Подигната свест за дискриминација и сегрегација врз Ромите во образовниот процес преку спроведени истражувања и подготвени анализи;
- Подигната свест за сексуалната ориентација и родовиот идентитет како дискриминаторски основи преку реализирани обуки, каравани и летен камп и обучени ученици и граѓани;
- Создадена ИЧП Академијата за човекови права на која се објавуваат курсеви кои засегаат различни човекови слободи и права;
- Спроведено истражување и подготвени курсеви за наставници и ученици за препознавање на дискриминација, булинг и говор на омраза;

- Спроведена анкета и одржани фокус групи и работилници со ученици од средни училишта со цел развивање на дискусија за булинг и сајбер булинг врз девојчиња во училиштата и
- Обучени вработени во државната администрација и локалната самоуправа на теми поврзани со еднаквост и недискриминација.

УСТАВНИОТ СУД ГАРАНТ ЗА ЗАШТИТАТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

- Подигната свест за работата на Уставниот суд и неговите надлежности;
- Анализирани податоци низ константен мониторинг и анализа на работата на Уставниот суд;
- Подготвени анализи за функционална и организациска поставеност на Уставниот суд и анализа на одлуките и решенијата на Уставниот суд по поднесени барања за заштита на слободи и правата;
- Добиени сознанија за функционирањето на механизмот на уставна жалба и постапувањето на Уставниот суд на Република Словенија по овие предмети во рамките на реализираната студиска посета во Република Словенија и
- Запознавање на јавноста за достапните механизми за заштита на уставноста и законитоста на законите и правните акти, како и на уставно загарантираните човекови права пред Уставниот суд.

БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА

- Мониторирани повеќе од 200 судски рочишта во кои Државното правобранителство на РСМ се јавува како странка во постапките, додека пак преку поднесување на барања за слободен пристап до информации беше следена работата на сите 15 подрачја на Државното правобранителство низ Републиката;
- Следење на работата на Владата и Државната комисија за спречување на корупцијата во однос на имплементацијата на Националната стратегија за антикорупција и Планот на Владата Акција 21;
- Следење на имплементацијата на Националната стратегија за спречување на корупција и судир на интереси 2020-2024 година;
- Подготвени заклучоци и препораки кои накратко ги идентификуваат легислативни и практични недостатоци во имплементација на законската регулатива од областа на антикорупцијата;
- Граѓанските организации и медиумите станаа “watchdogs“ или контролори на работата на државните органи со цел законито и транспарентно извршување на функцијата и за спречување на ризиците од корупција и злоупотреба на службената должност и
- Подигната свест за проблемите со корупцијата и коруптивните практики.

ИНСТИТУЦИОНАЛЕН И ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ НА ИЧП

- Унапредени системи и процедури за успешно функционирање на ИЧП;
- Зајакнување на капацитетите на ИЧП во форма на пишување истражувачки анализи, документи за политики за актуелни прашања за човековите права;
- Зајакнување на застапувањето со цел да се постигнат стратешките приоритети за ИЧП и да се развие понатамошниот потенцијал;
- Реализирани обуки со цел вложување во градење капацитети и развој на потенцијалот за ИЧП;

- Зајакнување на позициите на ИЧП во регионот и вмрежување со слични организации;
- Учество на настани во странство и споделување на искуства и успешни практики со странски организации кои споделуваат слична мисија и визија со цел да се подобри функционирањето на ИЧП и да се имплементираат позитивни примери во нашата земја;
- Континуирана обука на членовите на Извршната канцеларија и
- Подготвени и реализирани планови за застапување, како и следење и евалуација на спроведените активности.

АКАДЕМИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Концептот за создавање на Академијата за човекови права произлегува од визијата на Институтот за човекови права за едукација со цел унапредување и заштита на човековите права. Бидејќи едукацијата е клучна за обезбедување, промовирање, унапредување и заштита на човековите права, на Академијата се достапни бесплатни курсеви на различни теми кои ќе им помогнат на регистрираните корисници да ги збогатат своите знаења од областа на човековите права.

Академијата за човекови права е алатка која има за цел, на безбеден и едноставен начин, да ги едуцира своите корисници за различни проблематики од областа на човековите права. Секој курс кој е достапен на Академијата е поделен во одреден број на поглавја и лекции, по чие завршување корисникот одговара на прашања за да може да премине кон наредното поглавје. На овој начин корисниците освен што ќе се здобијат со одредени знаења, имаат шанса истите да ги проверат и утврдат преку прашања на крајот од секое поглавје.

Во 2024 година, ИЧП Академијата го продолжи својот трасиран пат во објавување на курсеви кои се однесуваат на заштита на човековите права и кои обработуваат теми кои се интересни и за кои во секое време постои потреба од едукација и дообјаснување на соодветната проблематика.

Во 2024 година, на ИЧП Академијата беше објавен следниов курс:

- **Курс за заштита и остварување на работнички права.**

  Овој курс беше подготвен во рамките на програмата „Пристап до правда за сите – Годишна работна програма 2024“, финансиски поддржана од Европската Унија. Целта на овој курс е да ги запознае слушателите со концептот за работниот однос и неговото разграничување од останатите облици на работа која не се врши во рамки на работен однос. Ваквото воведно разграничување на споменатите концепти, од една страна, ќе биде од помош за определувањето на опсегот на лицата кои се подведени и уживаат целосен обем на заштита од работното законодавство (и социјалното осигурување) наспроти лицата кои се во целост или делумно исклучени од правата од работен однос. Од друга страна, ќе послужи за определување на неформалната вработеност, вклучувајќи ги и мерките за спречување и заштита од одредени форми во кои најчесто се појавува, какви што се непријавеното вработување и прикриениот работен однос. Во курсот претставени се различни нестандардните форми на работа, со посебен осврт на три од нив и тоа: работниот однос на определено време, работниот однос со неполно работно време и привременото агенциско вработување. Курсот завршува со претставување на клучните карактеристики и фази низ кои минува договорот за вработување: од неговото склучување, преку неговата содржина, па сé до престанувањето на неговата важност.

ПЛАТФОРМА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Платформата за човекови права има сеопфатен пристап кон човекови права, односно содржи информации за начинот на кој може да се заштитат човековите права. Платформата за човекови права е поделена во 6 сегменти кои содржат различен вид на информации кои му се од корист на посетителот на веб-страницата на Институтот за човекови права.

Првиот сегмент на Платформата е наречен **Човековите права и нивната заштита**. Во овој дел се достапни информации за тоа на кој начин може да се заштитат човековите права и каде може да се пријави нивно прекршување, кои се органите кои ги штитат човековите права на национално и на меѓународно ниво, релевантните закон и меѓународни документи.

Вториот сегмент се фокусира на **Пристапот заснован на човекови права**, односно што опфаќа тој, стандардите и принципите на кој е базиран, основните карактеристики кои се однесуваат на него како и вредностите кои ги додава тој во развојните концепти и процеси.

Онлајн обуките го сочинуваат третиот сегмент на Платформата за човекови права, односно тоа е листа на тела и платформи кои на посетителите на веб-страницата им овозможуваат да пристапат до разновидни обуки поврзани со човековите права. Колку ги познаваш твоите права е квизот во рамки на Платформата за човекови права. Тој е наменет за сите оние сакаат да ги тестираат своите познавања од областа на човековите права.

Можеби еден од најважните сегменти на Платформата е **Блогот** кој има за цел да им даде простор на разни автори да го искажат своето мислење на актуелни теми поврзани со човековите права.

Последниот сегмент на Платформата се **Документите** каде што може да се пронајдат мноштво на извештаи, прирачници и водичи кои ја тангираат состојбата со човековите права во Република Северна Македонија.

БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Во 2024 година, Институтот за човекови права, како регистрирано здружение за давање на примарна правна помош, продолжи со давање на примарна правна помош на сите заинтересирани граѓани.

Согласно Законот за бесплатна правна помош, Институтот за човекови права како овластено здружение обезбедува примарна правна помош која се состои од:

- иницијален правен совет за правото на користење на бесплатна правна помош,
- општа правна информација,
- општ правен совет,
- помош при комплетирање на барањето за секундарна правна помош,
- помош при пополнување на формулари, обрасци издадени од управен орган во управна постапка за социјална заштита и заштита на правата на децата; пензиско, инвалидско и здравствено осигурување; заштита на жртви на родово базирано насилство и семејно насилство; постапка за упис во матична книга на родени; стекнување со документи за лична идентификација и државјанство, и
- составување на претставки до Комисијата за заштита од дискриминација и до Народниот правобранител и барања за заштита на слободи и права до Уставниот суд на Република Северна Македонија.

Цел на програмата за бесплатна правна помош е да се обезбеди примарна правна помош за сите граѓани во Република Северна Македонија, да промовира еднаков пристап до правда за сите, без дискриминација, и првенствено да им помогне на маргинализираните групи граѓани, со цел да можат да ги осознаат правата што ги имаат, но и да даде одговор на кој начин можат да ги остварат тие права пред државните институции.

Практиката покажува дека продолжува позитивниот тренд од 2023 година, односно и во 2024 година се намалени прашањата што се однесуваат на опфатот на бесплатната правна помош и што претставува истата. Ова укажува на фактот дека граѓаните, во поголем дел, се запознаени со бесплатната правна помош и на кој начин можат да ја остварат, при што остануваат само прашањата во кои области таа може да се примени, како и прашањата што произлегуваат од секојдневните проблеми на граѓаните.

Во изминатиов период Институтот за човекови права овозможи примарна правна помош во 69 случаи во кои е дадена општа правна информација или општ правен совет. Најголем дел од прашањата што беа упатени до ИЧП се однесуваа на остварувањето на социјалните права и тоа по однос на правата од здравствено и пензиско осигурување, остварување на старосна и инвалидска пензија, гарантирана минимална помош, помош и нега од друго лице, признавање на пензиски стаж и слично. Застапени беа и прашањата за заштита на слободите и правата пред Европскиот суд за човекови права.

Од анализата на останатите прашања кои беа упатени до Институтот за човекови права може да се забележи дека голем дел од нив се однесуваат на барања за општа правна информација и/или правен совет во спорови од имотно-правен карактер и тоа за физичка делба, утврдување сопственост, како и оспорување договори за купопродажба и за доживотна издршка. Оваа година се забележува пораст во однос на прашањата што се однесуваат на заштита на човековите слободи и права и на прашањата поврзани со поднесување жалба пред Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

ПРАВЕН ДИЈАЛОГ

Општествената функција на списанието „Правен дијалог" е да отвора теми, дијалози и нови пристапи со цел развивање, унапредување и размена на сознанија од правната мисла помеѓу теоретичарите и практичарите од областа на владеење на правото и човековите права, а тие да станат подостапни за поширокатa научна и стручна јавност. За таа цел во списанието се објавуваат:

Научни трудови кои ќе ги рефлектираат теоретските аспекти на теми поврзани со човековите права и владеење на правото кои се однесуваат на Република Северна Македонија, но и општо на останатите држави во Европа и пошироко и

Научни трудови кои ќе се осврнат на анализа од практичен аспект на конкретни пресуди на Европскиот суд на правдата и Европскиот суд за човекови права.

Во 2024 година, стручното списание „Правен дијалог" продолжи да биде објавувано во рамките на програмата „Пристап до правда за сите" финансирана од Европската Унија. Со цел промовирање на прашањата поврзани со еколошка правда и заштита на животната средина, авторите беа поттикнати да пишуваат на овие теми при што оваа секција за животна средина во 2024 година стана составен дел од списанието Правен дијалог.

Во 2024 година продолжи успешно да функционира истиот состав на Редакцискиот одбор на Правен дијалог којшто брои 5 члена и тоа:

- Манчо Митевски – Главен и одговорен уредник
- Весна Стефановска – Заменик на главниот и одговорен уредник

- Мерсел Биљали – член
- Славица Димитриевска – член
- Ангелина Станојоска – член

Целта на Редакцискиот одбор е во секое издание да преовладуваат различни теми напишани од широк профил на експерти во своите области. И оваа година продолжува традицијата на објавување на трудови од студенти на мастер и докторски студии на теми поврзани со човековите права и владеење на правото со што се докажува и потврдува премисата дека списанието Правен дијалог станува препознатливо за младите студенти и истражувачи.

Во 2024 година беа објавени две изданија на списанието „Правен дијалог" и тоа број 29 во јуни и број 30 во декември. Овие две изданија, како и претходните ја продолжуваат традицијата на списанието да биде препознатливо по темите кои ги анализираат човековите права и владеењето на правото. Објавените трудови се напишани од актуелни и поранешни судии на Уставен суд и Врховен суд, професори, доценти, постдипломци, докторанди како и експерти од граѓанските организации. Особено нè радува фактот дека трудовите кои обработуваат теми поврзани со заштитата на животната средина станаа неизоставен дел од списанието, па така и во овие две изданија во 2024 година беа објавени 7 трудови од оваа област. Во двете изданија на Правен дијалог беа објавени 30 трудови подготвени од 34 автори што претставува значително зголемување на бројот на објавени трудови во споредба со 2023 година.

ПРОЕКТИ КОИ СЕ СПРОВЕДУВАА ВО 2024 ГОДИНА

БОРБА ПРОТИВ САЈБЕР БУЛИНГ ВРЗ ДЕВОЈЧИЊА

Донатор: Канадската амбасада во Белград

Времетраење: 28 ноември 2023 – 28 февруари 2024

Општата цел на проектот беше да го намали и спречи булинг и сајбер булинг врз девојчињата во Северна Македонија преку едукација на младите.

Во рамките на проектот беа реализирани следниве активности:

- Родова анализа на објави споделени на социјалните мрежи.
- Спроведена анкета меѓу учениците во средните училишта за булинг и сајбер булинг.
- Две фокус групи со девојчиња преку споделување на нивното искуство со булинг и сајбер булинг.
- Три анти-булинг работилници со ученици од средни училишта во Скопје со цел да се едуцираат за спречување на булинг и сајбер булинг врз девојчиња.
- Онлајн кампања за подигање на свеста за булинг и сајбер булинг меѓу учениците во средните училишта.

Во јануари и февруари 2024 година, беа спроведени две фокус групи со средношколки од СОУ Гимназија „Јосип Броз Тито“ во Битола и СОУ „Славчо Стојменски“ во Штип. На фокус групите учествуваа повеќе од 40 ученички од прва до четврта година. Целта на фокус групите беше да се добие увид во тоа колку средношколките се запознаени со онлајн насилство, какви се нивните искуства, и кои се нивните мислења во однос на тоа дали девојчињата се почесто жртви на онлајн насилство и зошто.

Во февруари 2024 година, исто така беа спроведени и три едукативни работилници со повеќе од 70 средношколки и средношколци од СЕПУГС „Васил Антевски Дрен“ - Скопје, СУГС Гимназија „Орце Николов“ - Скопје и СУГС Гимназија „Никола Карев“ - Скопје. Преку дискусија со учениците, најнапред беа дефинирани поимите врсничко насилство/булинг и сајбер булинг преку соодветни примери од реалноста. Потоа преку прашања и примери се дискутираше на темата дали девојчињата почесто се мета на онлајн насилство и кои се неговите последиците на страна на жртвата и на сторителот. На крајот беше објаснето како може да се превенира и каде може да се пријави булинг и сајбер-булинг.

Во рамки на овој проект, беше изготвена и „Родово-базирана анализа за онлајн врсничкото насилство (сајбер булиг)“. Со користење на квантитативно-квалитативен методолошки пристап, анализата се осврнува на поединечни случаи на онлајн-врсничко насилство врз девојчињата, но и на конкретни примери на онлајн-врсничко насилство врз момчиња. Анализата покажа дека кон девојчињата наративот е главно со сексуална конотација, со мизогинистички и сексистички коментари, додека па кај момчињата вознемирувачкиот наратив главно е застапен на профили кои отстапуваат од општоприфатените норми на хетеронормативност и културно и социјално вкоренети непишани правила за женственост и мажественост. Анализата покажа дека е потребна поголема регулација, односно саморегулација на онлајн- медиумите, превентивни и интервентни програми во училиштата, континуирани кампањи за подигање на свеста на учениците, како и редовни и сеопфатни обуки за зголемување на медиумската и дигиталната писменост.

ИЧП спроведе анкета со средношколци од 18 училишта од целата држава на тема „Онлајн врсничко насилство (сајбер-булинг) во средни училишта во Северна Македонија“. Главните податоци и резултати од анкетното истражување се сумирани во „Извештај од анкетно истражување: Онлајн врсничко насилство (сајбер булинг) во средни училишта во Северна Македонија“. Овој документ ги презентира резултатите од анкетното истражување во однос на ставовите, перцепциите и постоењето онлајн врсничко насилство помеѓу учениците во средните училишта на целата територија на Северна Македонија.

Крајот на проектот беше обележан со завршен настан на тема „Борба против онлајн врсничко насилство врз девојчиња“ кој се одржа на ден 6.3.2024 година. Овој настан имаше за цел прикажување на реализираните активности од страна на Институтот, кои даваат детални прикази за состојбата со онлајн врсничкото насилство кај средношколците, односно нивните гледишта и перцепции на оваа тема.

Визуализации:

- Инфографик со заклучоци од едукативните раотилници
- Инфографик со заклучоци од фокус групите
- Инфографик со заклучоци од следење на објави на социјалните медиуми
- Инфографик со заклучоци од анкетата на тема онлајн врсничко насилство

ПРИСТАП ДО ПРАВДА ЗА СИТЕ – ГОДИШНА РАБОТНА ПРОГРАМА 2024

Донатор: Делегација на Европска Унија

Времетраење: 1 јануари 2024 – 31 декември 2024

Целта на програмата е подобрување на пристапот до правдата за сите, особено за ранливите и маргинализирани групи граѓани во Северна Македонија.

Во рамките на програмата се реализирани следниве специфични цели и тоа:

- Да се олесни заштитата од дискриминација на маргинализираните групи на луѓе преку обезбедување бесплатна правна помош;
- Подигање на свеста и промовирање на едукација за прашања поврзани со човековите права;
- Да се подобри пристапот до правдата на граѓаните преку следење на релевантните институции со помош на анализа базирана на докази; и
- Залагање за соодветно законодавство и политики во однос на заштитата на човековите права и владеењето на правото во согласност со правото на ЕУ.

Институтот за човекови права подготви извештај во сенка во однос на четвртиот периодичен преглед за Универзалниот Периодичен Извештај за државата. Поднесокот обезбеди информации на Работната група во однос на судските реформи, пристапот до правдата, дискриминацијата, политичкото учество на лицата со попреченост и обезбедување бесплатна правна помош за маргинализирани и ранливи групи.

Во февруари 2024 година го објавивме повикот за доставување научни трудови за претстојното издание на списанието Правен дијалог кое треба да биде објавено во јуни 2024 година.

На 31 мај 2024 година организиравме настан „Граѓанскиот сектор - двигател за заштита на човековите права и владеењето на правото“ кој имаше за цел да го одбележи 15-годишното постоење на Институтот за човекови права, а воедно и да поттикне разговор за улогата на здруженијата на граѓани во промовирање, унапредување и заштита на човековите права и слободи. На настанот беа презентирани целите и приоритетите за идните напори на организацијата за застапување на

човековите права притоа охрабрувајќи ги присутните да споделат можни идеи за соработка за унапредување на човековите права и владеењето на правото во различни области.

Во јуни 2024 година го објавивме новото издание на Правен дијалог бр. 29 во кое се анализирани теми од меѓународна, уставна, граѓанска и кривична област. Во ова издание разработени се различни теми како на пример концептот на граѓанскиот форум, за смртната казна, правото на живот и протерување на странци, анализирани низ практиката на Европскиот суд за човекови права. Секцијата за животна средина стана неизоставен дел од списанието, при што во ова издание анализирана е имплементација на законодавството на Европската Унија за управување со отпад и екоцидот како ново кривично дело од областа на еколошкиот криминалитет

Во август 2024 година го објавивме Полугодишниот извештај за работата на Управниот суд при одлучување по предмети кои се однесуваат на социјални права. Преку редовно следење на јавните расправи пред Управниот суд во предмети коишто се однесуваат на социјалните права, го анализиравме пристапот до административната правда за сите граѓани, со посебен осврт на маргинализираните и ранливите групи граѓани (примателите на социјална помош, лица со попреченост, Роми, самохрани родители, повозрасни граѓани и слично). Извештајот се однесува на набљудувани јавни расправи во првата половина 2024 година. Истиот содржи детални податоци за тоа кои основи биле набљудувани во извештајниот период, кој тужен орган се појавува како најзастапен во набљудуваните јавни расправи, како и детални наоди забележани при набљудувањето.

Во август 2024 година го објавивме Извештајот од следењето на работата на Судскиот совет на РСМ за периодот јануари-јули 2024 година. ИЧП преку присуство на сите отворени седници, редовно ја следи работата на Судскиот совет. Целта на оваа активност е, преку објективно следење на неговата работа да се забележат предизвиците и напредокот во неговото работење, како и да се придонесе, со заклучоци и препораки базирани на докази, за подобрување на состојбата во судството. Извештајот е поделен во три главни дела кои се однесуваат на транспарентноста, ефективноста и ефикасноста на Судскиот совет

Во септември 2024 година го објавивме повикот за доставување научни трудови за претстојното издание на списанието Правен дијалог кое треба да биде објавено во декември 2024 година.

На 9 октомври 2024 година одржавме настан „Судски совет на РСМ – Предизвици и препораки за обезбедување на независно судство“ кој имаше за цел да го разгледа напредокот и предизвиците со кои се соочува Судскиот совет на РСМ во спроведувањето на препораките од Оценската мисија на ЕУ, една година по нивното објавување. Главните теми на дискусија беа предложените измени на Законот за Судскиот совет, практични предизвици во обезбедување на судска независност и непристрасност, како и начини за надминување на овие пречки со цел зголемување на довербата на јавноста во судството.

Во декември 2024 година го објавивме најновото издание на Правен дијалог бр. 30 во кое се обработуваат теми за рамнотежата меѓу истрагите на сајбер-криминалот и заштитата на човековите права, за правото на живот, како основно човеково право дефинирано во Уставот на РСМ, за судењето во разумен рок како процесен правен лек во контекст на Европската конвенција за човекови права, се прави споредбена анализа и критичко-креативен осврт на извештајот на Оценската мисија на ЕУ за Судскиот совет, а се отвора и една чувствителна тема за дебата и размислување - дали треба да се размислува за инкриминирање на ново кривично дело: политички- организиран криминал?

Во декември 2024 година го објавивме Годишниот извештај за работата на Управниот суд при одлучување во предмети коишто се однесуваат на социјални права. Овој извештај ги сумира наодите од следењето на јавните расправи и анализата на судските одлуки поврзани со прашања како што се старосната пензија, родителскиот додаток и правото на помош и нега од друго лице. Извештајот ги нагласува предизвиците со кои се соочуваат ранливите категории граѓани, вклучително лицата со попреченост, самохраните родители и постарите лица, при остварувањето на своите права. Анализата покажува дека постојат значителни пречки, како што се одложувањата

на постапките, недоволната транспарентност и неефикасната координација меѓу институциите, кои влијаат врз правната сигурност на граѓаните.

Во декември 2024 година го објавивме Извештајот од следењето на работата на Судскиот совет на РСМ за периодот август-декември 2024 година. Извештајот е фокусиран на транспарентноста, ефективноста и ефикасноста на Судскиот совет и воедно содржи заклучоци и препораки за подобрување на состојбите.

Визуализации:

Инфографик: Заклучоци од следењето на работата на Управниот суд на РСМ во 2024 година

Инфографик: Главни наоди од следењето на управните постапки од област на социјални права

Видео – 15 години Институт за човекови права

Инфографик: Заклучоци и препораки од следењето на работата на Управниот суд на РСМ

ЗА ПРАВДА – ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА НЕЗАВИСНО И ЕФИКАСНО СУДСТВО

Донатор: Фондацијата Отворено општество - Македонија

Времетраење: 1 јануари 2023 – 30 јуни 2024 година

Генерална цел на проектот е зголемување на влијанието на граѓанските организации во процесот на реформи во правосудството како предуслов за заштита на човековите права и обезбедување социјална правда.

Во рамките на проектот беа предвидени следниве активности:

1. Следење и оценка на процесот за изработка и содржината на Стратегијата за реформи во правосудството 2023 – 2027, придонес кон изработување методологија за следење на спроведување на Стратегијата и следење на спроведувањето на Стратегијата и публикување на наодите;
2. Работни состаноци за координација и соработка со тематски мрежи и платформи, како и со граѓански организации со цел идентификување на специфични проблеми и предизвици и планирање заеднички активности за застапување;
3. Учество во работни групи за изработка на закони и други прописи кои произлегуваат или се предвидени во стратешките документи во областа на правосудството;
4. Следење на актуелните состојби во правосудството;
5. Спроведување watchdog активности, изложување на негативните состојби и обезбедување заложби од клучните чинители за нивно надминување;
6. Спроведување активности за скрининг процес поврзани со кластерот 'Основи' (Fundamentals) /Поглавјето 23;
7. Изработка на работен документ за идентификување на празнини во домашното законодавство, политики и практики како и проблемите и тешкотиите со кои државата може да се соочи во понатамошниот процес на усогласување во поглед на Поглавјето 23;
8. Завршна конференција за презентирање на наодите.

Во периодот на имплементација на проектот, Блупринт групата излезе и со реакции во однос на актуелните состојби во правосудството, подготви и презентираше публикации на теми кои ја тангираат состојбите во правосудството и тоа:

- Реакција - Блупринт групата за реформи во правосудството ја поздравува одлуката на Управниот суд за поништување на одлуката за разрешување од функција на тогашната претседателка на Судски совет на РСМ
- Пристап до административна правда
- Судии поротници во кривичната постапка
- Унифицирана судска пракса – гарант за правната сигурност. Системски проблеми и недостатоци
- Извештај за процесот на подготовка и донесување на стратегијата за развој на правосудството
- Реакција - загрижува одлуката на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители да го изврши изборот на директор на академијата по пат на тајно гласање
- Состојбата и предизвиците со имплементација на Законот за исплата на паричен надомест
- Како да се обезбеди пристап до вештак за корисниците на правото на бесплатна правна помош
- Како да се врати довербата на граѓаните во Судскиот совет на РСМ?

ЗАЕДНО ЗА ПОКВАЛИТЕТНО ЛОКАЛНО НОВИНАРСТВО

Донатор: Делегација на Европска Унија

Времетраење: 3 јануари 2023 – 3 јануари 2025 година

Овој проект го спроведуваше Центарот за развој на медиумите на заедниците "МЕДИУМ" во партнерство со Институтот за човекови права. Целта на проектот беше зајакнување на капацитетот и промовирање на професионалните стандарди на локалните новинари. Во рамките на проектот беа реализирани следниве специфични цели и тоа:

- Да се зајакнат капацитетите на локалните новинари, особено од етничките малцинства, да практикуваат истражувачко новинарство, дигитална и медиумска писменост, како и стандардите за човекови права во нивната работа;
- Да се зајакнат капацитетите на студентите по новинарство за професионален развој и креативно изразување во медиумите; и
- Да се подобри влијанието и соработката помеѓу локалните граѓански организации и локалните медиуми за промовирање на правата на новинарите, поттикнување на борбата и реагирањето на сите форми на насилство против новинарите, промовирање на професионалните стандарди и слобода на говорот.

Во 2023 година беа спроведени следните активности од Институтот за човекови права:

1. Изработка на Водич за примена на пристапот заснован на човекови права во медиумското работење; и
2. Обука за локални новинари на тема примена на пристапот заснован на човекови права во медиумското работење.

Во 2024 година продолжи имплементацијата на проектот со нови активности. Институтот за човекови, заедно со МЕДИУМ, спроведе повик за доделување на грантови за граѓански организации. Повикот беше објавен на веб-страниците и социјалните мрежи на ИЧП и МЕДИУМ на 13 мај 2024 година. Целта на овој повик беше да се обезбеди поддршка за 4 (четири) граѓански организации на локално ниво кои работат кон зајакнување на капацитетите и промовирање на професионалните стандарди на новинарите од локалните медиуми. Дополнително, беше организирана и онлајн информативна сесија на 30 мај 2024 година за сите заинтересираните кандидати од проектните општини Гостивар, Тетово, Дебар, Кичево, Куманово, Охрид, Струга и Шуто

Оризари, на која беа претставени целите на проектот, условите за учество во грантовата шема, процесот на селекција, како и методологијата за спроведување на добиените грантови.

Во рамките на овој повик беа доделени 4 мали грантови со максимален износ од 3.000 евра по грант, и тоа:

- „Младите и медиумите vs. родово-сензитивните дезинформации“ спроведуван од Рурална Коалиција – Кичево;
- „Ромите и медиумската писменост“ спроведуван од ЕСМА Здружение на жени Ромки – Шуто Оризари;
- „Локално Новинарство: Следната Генерација“ спроведуван од Здружение Европски центар за развој, толеранција и соработка – Гостивар; и
- „Учество на локални медиуми од Дебар во преговорите за членство на РС Македонија во ЕУ” спроведуван од Здружение Центар за одржлив развој на заедницата – Дебар.

Сите грантови беа спроведувани во соработка со локален медиум (телевизија, радио, интернет портал).

На 2 септември 2024 година, ИЧП реализираше **обука** за зајакнување на капацитетите на грантистите и промовирање на професионалните стандарди на новинарите од локалните медиуми. Целта на обуката беше јакнење на капацитетите на учесниците, со фокус на непречено спроведување на проектните активности и подобрување на известувањето. Учениците исто така научија важни техники за застапување, со цел да се остварат подобри резултати во локалното новинарство. Сите учесници имаа можност да учат од експерти во полето, разменуваат искуства и добијат корисни алатки за успешна реализација на своите проекти

МЛАДИНСКИ АКТИВИЗАМ ЗА ИНКЛУЗИВНО ОПШТЕСТВО

Грант во рамките на проектот „Поддршка од ЕУ за градење доверба на Западен Балкан“, финансиран од Европската унија (ЕУ) и спроведуван од Програмата за развој на Обединетите нации

Времетраење: 1 декември 2023 – 30 ноември 2024

Целта на проектот беше да се подигне свеста и да се ангажираат младите во развивање на дијалог за промовирање на мултиетничко општество за сите. Оваа цел беше постигната преку вклучување на учениците во развивање на мултиетнички дијалог и подигање на свеста за почитување и напредување на различните идентитетски обележја на заедниците со цел креирање на едно мултиетничко општество.

Во рамките на проектот се реализираа трибини и работилници на тема мултиетничко образование и општество, два креативни конкурси, повик за пишување блогови, подготовка на извештај врз основа на реализираните проектни активности и финална конференција за промовирање на проектните резултати.

Во месеците април, мај и јуни, пред крајот на учебната година 2023/2024, беа организирани **трибини и работилници** со средношколци од четири училишта во Скопје, Тетово или Куманово каде учениците следат настава на различни јазици – СУГС „Димитар Влахов“ Скопје (настава на: македонски, албански и турски), СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“ Скопје (настава на: македонски и албански), СОУ „Перо Наков“ Куманово (настава на: македонски и албански) и ОСМУ „Никола Штејн“ Тетово (настава на: македонски, албански и турски).

Во рамки на самите училиштата, се одржаа **четири трибини** кои беа во формат на интерактивни дискусии. Целта на трибините беше да ги мотивираат учениците критички да размислуваат за предностите и предизвиците на учењето во мултиетничка средина и да ги споделат своите идеи за иницијативи или активности што би ја унапредиле разновидноста и инклузијата во образовниот систем. Вкупно 103 ученици од сите четири училишта учествуваа на трибините.

- СУГС „Димитар Влахов“ Скопје
- СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“ Скопје
- СОУ „Перо Наков“ Куманово
- ОСМУ „Никола Штејн“ Тетово

Се одржаа три работилници (една во Скопје, една во Тетово и една во Куманово) кои беа во формат на филмска вечер и дискусија и се одржаа надвор од училиштата за да им овозможат на учениците неформална средина за дискусија и социјализација. Целта беше да се поттикнат младите активно да се ангажираат преку креативност, поради што пред одржувањето на работилниците беше објавен креативен конкурс, насочен кон подигнување на свеста и поттикнување дијалог за важноста на инклузивноста, разновидноста и еднаквоста преку уметничкиот израз на учениците.

На почетокот на новата учебна година 2024/2025 беше објавен **фото-конкурс за средношколци на тема „Мојата култура низ објектив“**. На фото-конкурсот аплицираа 53 ученици со повеќе од 70 фотографии, а трите најдобри добија награда и беа објавени на веб-страницата и социјалните мрежи на ИЧП.

Во новата учебна година беше објавен и јавен **повик за пишување блог текстови**. Главната тема на повикот беше унапредување на мултиетничко општество и промоција на мултикултурата во нашата држава и беше отворен за средношколци. Пристигнаа 42 апликации од средношколци од различни градови на македонски, албански, турски и ромски јазик. Најдобрите осум текстови беа објавени на Платформата за човекови права на ИЧП.

Врз основа на реализираните проектни активности, беше изготвен извештај насловен „Гласот на младите: Препораки за унапредување на меѓуетничкиот дијалог и создавање инклузивно општество“ со заклучоци и препораки за подобрување на меѓуетничкиот дијалог и потенцирање на улогата на младите со цел креирање на едно мултиетничко општество.

Беше организиран и **завршен настан** на 26 ноември 2024 година на кој беа презентирани резултатите од проектот. Проектот „Младински активизам за инклузивно општество“ јасно покажа дека младите во Северна Македонија се подготвени и мотивирани да играат активна улога во создавањето на едно инклузивно и хармонично општество. Преку нивното учество во трибините и во работилниците тие покажаа иницијатива и интерес за надминување на постојните етнички поделби и за изградба на заеднички идентитет кој се темели на меѓусебна почит и културна размена. Сепак, и покрај овој ентузијазам, проектот ги истакна и големите структурни предизвици кои треба да се надминат, за овие напори да бидат успешни на подолг рок.

МЛАДИТЕ ПРОТИВ ВРСНИЧКОТО НАСИЛСТВО

Донатор: Амбасадата на САД во Скопје

Времетраење: 30 септември 2024 – 30 септември 2025 година

Генерална цел на проектот е да се намали врсничкото насилство меѓу младите.

Во рамките на генералната цел, предвидени се две специфични цели и тоа: (1) да се намалат инцидентите на врсничко насилство меѓу младите во таргетирани средини особено во оние каде е присутно врсничко насилство на етничка основа и (2) да се зголеми свеста помеѓу родителите и наставниците за важноста за спречување на врсничко насилство.

На 14 ноември 2024 година во просториите на Гимназија „Гостивар“ беше одржана обука со ученици од прва година од СОУ Гимназија „Гостивар“ и ученици од деветто одделение од ООУ „Гоце Делчев“ од Гостивар на тема превенција, препознавање и санкционирање на врсничкото насилство. Истиот ден беше одржана работилница со родители, наставен и стручен кадар од двете училишта на која се разви дискусија за мерките коишто треба да се преземат и како да се

работи со децата со цел да се превенира врсничко насилство, кој пристап да се избере, како и каде да се пријават случаите на врсничко насилство.

На 21 ноември 2024 година беше одржана обука со ученици од прва година од СУГС „Арсени Јовков“ на која јавните обвинителки се осврнаа на правата, но и ги запознаа учениците со нивните одговорности, но и со казните предвидени согласно Законот за правда на децата доколку извршат врсничко насилство. Психологот преку интерактивна комуникација со учениците успеа да ги мотивира да споделат свои видувања за тоа што претставува врсничкото насилство, дали знаат да препознаат и каде можат да побараат помош. Беше одржана и работилница со родители, наставен и стручен кадар од училиштето на која дискусијата се осврна и на креирање на средина на безбедно училиште.

На 4 декември 2024 година беше одржана обука со ученици од деветто одделение од ООУ „Владо Тасевски“ на тема превенција, препознавање и санкционирање на врсничкото насилство. Истиот ден беше одржана работилница со родители, наставен и стручен кадар од училиштето на која се разви дискусија за мерките коишто треба да се преземат и како да се работи со децата со цел да се превенира врсничко насилство, кој пристап да се избере и како првенствено родителите да разговараат со своите деца на теми поврзани со превенирање и пријавување на врсничко насилство.

На 12 декември 2024 година во ООУ „Димитар Поп Георгиев Беровски“ беше одржана обука со ученици од деветто одделение на која се дискутираше за тоа дали учениците знаат да препознаат и пријават врсничко насилство, кои се последиците врз жртвата. Но и правните последици врз сторителот на врсничкото насилство. Беше одржана и работилница со родители, наставен и стручен кадар на која се разви дискусија како да се работи со децата со цел да се превенира врсничко насилство, кој пристап да се избере, како и каде да се пријават случаите на врсничко насилство.

Со цел подигање на свеста за постоење на врсничко насилство и негово превенирање, беше подготвен памфлет на македонски и албански јазик. Памфлетот содржи информации за тоа кои се облиците на врсничко насилство, какви последици предизвикува врсничкото насилство врз жртвите, сторителите и набљудувачите и дали за сторено врсничко насилство може да има кривично-правни последици.

ДОПОЛНИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Учество на обуки организирани од страна на DCAF (Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор)

Во текот на 2024 година беа одржани 2 обуки организирани од страна на DCAF (Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор) на кои учествуваа Јелена Кадриќ, Весна Стефановска и Мартин Сопронов. На обуките се дискутираше за следење и примена на индикаторите за ефикасност, транспарентност и отчетност на разузнавачкиот и безбедносниот сектор како и за формалниот и неформалниот граѓанскиот надзор над безбедносниот сектор од аспект на меѓународното право. Воедно, во 2024 година, DCAF започна со организирање на Обуки за обучувачи за градење на капацитетите за пренос на знаење и одржлив надзор. Јелена Кадриќ, Весна Стефановска и Мартин Сопронов учествуваа на три вакви обуки организирани во 2024 година. Обуките за обучувачи продолжуваат и во 2025 година.

Учество во проектот „Квалитетно образование за сите – Северна Македонија“ имплементиран од Програмска канцеларија на Советот на Европа во Скопје

Проектот „Квалитетно образование за сите – Северна Македонија“ на Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје има за цел промовирање на демократијата и човековите права во образованието како и подготовка на младите луѓе со потребните вештини и алатки за да живеат во мултикултурно општество. Маргарита Цаца Николовска, претседателката на ИЧП, и Марија Чекреџи, програмска координаторка во ИЧП, се дел имплементацијата на овој проект како надворешни консултанти. Тие се вклучени во имплементацијата на две проектни активности, имено: изготвување на мерки и активности за спроведување на пресудата Елмазова и други против Северна Македонија на ниво на заедницата и спроведување на сеопфатна програма за обука и менторство на 25 пилот училишта чија цел е подобрување на нивните инклузивни и демократски средини за учење.

Во 2024, Марија Чекреџи продолжи со спроведувањето на програма за обука и менторство со шест пилот училишта (три од Скопје и три од Куманово, од кои две се основни училишта, а четири се средни училишта). На обуките секое пилот училиште учествува со основен училиштен тим (составен од директорот на училиштето, двајца наставници и еден претставник на стручната служба како психолог, педагог или социјален педагог), а на менторските средби учествува со проширен училиштен тим (составен од основниот училиштен тим и двајца ученици, еден родител, двајца дополнителни наставници и еден член на заедницата, формирајќи тим од десет поединци). Во 2024 година, се одржаа 4 обуки и 2 менторски средби со пилот училишта. На обуките се обработуваа следните теми:

- Училишна култура - развивање на компетенции за демократска култура, Референтна рамка на компетенции за демократска култура (РРКДК), вредности кои ги промовираме, знаење и критичко разбирање/вештини, ставови кои ги промовираме;
- План за развој на училиштето и план за акција;
- Како да се вгради РРКДК во различна училишна практика, негување интеркултуралност, нашиот училиштен систем, контроверзни прашања со кои се соочуваме, интегративно размислување;
- Зошто да зборуваме за контроверзни теми, наставни методи и наставни стилови.
- Во 2025 година ќе се одржат уште две обуки, една менторска средба и завршен стручен настан на кој ќе се презентираат добри училишни практики и резултати постигнати во рамките на проектот.

Учество на летна школа за правото на Советот на Европа во Ливерпул

Во јули 2024 година, Марија Чекреџи – програмска координаторка во ИЧП – учествуваше на втората летна школа по право на Советот на Европа во Ливерпул насловена „Советот на Европа на 75 години: Заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото во свет што брзо се менува“. Летната школа беше организирана од Факултетот за право и социјална правда при Универзитетот во Ливерпул, во соработка со OCEAN (The Open Council of Europe Academic Networks) и други партнери.

Летната школа се осврна на одредени современи предизвици, дискутирајќи за улогата што Советот на Европа може да ја има во ерата на дигиталната револуција и новите технологии. Овие нови технологии, како што се вештачката интелигенција и неуротехнологијата, нудат можности и дури можат позитивно да влијаат врз човековите права. Но, тие исто така можат да го загрозат уживањето на основните човекови права. Дали Советот на Европа и меѓународното право за човекови права воопшто се доволно подготвени да обезбедат заштита од овие нови закани? Дополнително, беше дискутирано како различните тела на Советот на Европа придонесуваат

кон основните цели на организацијата, како и историјата и ефикасноста на Советот на Европа во целина и на некои од поединечните механизми, договори и тела, како што се Комитетот за спречување на тортура, Европскиот комитет за социјални права, Венецијанската комисија, Европскиот суд за човекови права и многу други.

Говорници на летната школа беа претставници на различните тела и оддели на Советот на Европа, професори, владини службеници, адвокати, претставници на Советодавниот комитет на Советот за човекови права на ОН, академици и истражувачи. Меѓу предавачите на летната школа беа и Теодорос Русопулос – претседателот на Парламентарното собрание на Советот на Европа, Деспина Хаџивасилиу-Цовилис – генерален секретар на Парламентарното собрание на Советот на Европа и прва жена што ја извршува оваа функција од основањето на Собранието во 1949 година, претставници на Комитетот за спречување на тортура, Комитетот за социјални права и Венецијанската комисија, претседателот на Европскиот суд за човекови права и судија на Европскиот суд за човекови права.

УЧЕСТВО ВО РАБОТНИ ГРУПИ И КООРДИНАТИВНИ ТЕЛА

Национално координативно тело за бесплатна правна помош

Во 2024 година, Националното координативно тело ги одржа редовните состаноци на кои беа дискутирани предизвиците поврзани со имплементацијата на Законот за бесплатна правна помош, и тековните проблеми со кои се соочуваат граѓанските организации и подрачните одделенија на Министерството за правда како даватели на примарна правна помош. ИЧП преку свои претставници учествуваше на настанот по повод Меѓународниот ден на човековите права и Европскиот ден на правдата. Состаноците во рамките на Националното координативно тело за бесплатна правна помош беа организирани со поддршка на Советот на Европа во рамките на Проектот за „Поддршка за подобар пристап до поквалитетни услуги за бесплатна правна помош во Северна Македонија," којшто е дел од програмата „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција II", заеднички проект на ЕУ и Совет на Европа кој го спроведува Советот на Европа. Институтот за човекови права преку своите претставници ги сподели предизвиците со обезбедување на примарна правна помош како и дилеми поврзани со пополнување на барања за секундарна правна помош.

Членство во Платформа на граѓански организации за борба против корупцијата

Институтот за човекови права е член на Платформата која цели кон проактивно, динамично и оспособено граѓанско општество кое ги почитува, промовира и застапува принципите на доброто владеење. Платформата ги поврзува граѓанските организации и е отворено место за соработка, вмрежување и демократска дебата со цел зајакнување на улогата на граѓанските организации во борбата против корупцијата во Република Северна Македонија. Во 2024 година, Платформата подготви соопштенија кои тангираа различни теми поврзани со антикорупција, правосудство и човекови права. Беа подготвени и објавени соопштенија поврзани со отсуството на консултативен процес за измена на системскиот Закон за организација на работата на органите на државната управа, реакција на соопштението на ДКСК за видувањата за работата на претходниот состав на Комисијата, дадена поддршка на Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање поднесен од О2 Иницијатива, реакција на итните законски измени за прекин на мандатите на независните државни комисии, реакција со која се бара стопирање на иницијативата за измена на Законот за јавните набавки по скратена постапка. Во периодот меѓу 5-7 јуни 2024 година беше одржано Собранието на Платформата на кое како учесник од ИЧП учествуваше Весна Стефановска. Во рамките на Собранието беше одр-


жана работилница на која беа дискутирани резолуциите од областа на антикорупцијата, додека пак на самото Собрание се дискутираше за работата на Платформата и за идните чекори кои треба да се преземат во рамките на нејзиното функционирање.

Членство во Блупринт групата за реформи во правосудството

Блупринт групата за реформи во правосудството е неформална мрежа на граѓански организации кои во изминативе години работат и делуваат во областа на правосудството. Претставничка на ИЧП во Блупринт групата е Јелена Кадриќ, која со години е активно вклучена во работењето на групата и го следи процесот на реформи во правосудтсвото. Институтот за човекови права заедно со Институтот за европска политика, Коалиција за правично судење, Македонско здружение на млади правници, Центарот за правни истражувања и анализи и Хелсиншкиот комитет за човекови права во рамките на своето делување во текот на 2024 година, подготвија публикации на различни теми и излегоа со реакции по повод актуелните состојби во правосудството. Како сублимација на работењето во 2024 година, беше одржана конференција на која се отвори дискусија за реформите во правосудството во однос на неговата независност и ефикасност.

Членство во Управен одбор на Проектот за промоција на различноста и еднаквоста во Северна Македонија реализиран од Совет на Европа и Европска Унија

Институтот за човекови права е дел од Управниот одбор на „Борба против омраза и нетолеранција во Северна Македонија“, проект на Совет на Европа и Европската Унија. Целта на проектот е да се зајакне капацитетот на националните и локални чинители подобро да ги адресираат прашањата поврзани со анти-дискриминација, борба против говор на омраза и заштита на правата на ЛГБТИ лицата во согласност со стандардите и препораките поставени од Совет на Европа. Главна цел на Управниот одбор е да ја следи имплементацијата на проектот како и да дава насоки за спроведување на активностите. Претставници од Институтот за човекови права присуствуваа на состаноците на Управниот одбор на Проектот за промоција на различноста и еднаквоста во Северна Македонија кои беа одржани во 2024 година.



ihr.org.mk